РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -

Бр. 0901- 189/20
02.06. 2022 год

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Секретарот на Општина Свети Николе донесе:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2022

1. За работно место УПР 01 01 В01 000, Советник за социјална заштита и заштита на децата, Одделение за локален економски развој и јавни дејности, Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности, како прворангиран кандидат се избира Ивана Димитрова, со освоени вкупно 29,35 бода.
2. На избраниот кандидат по конечноста на оваа Одлука ќе му се издаде Решение за унапредување на административен службеник.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Во врска со интерниот оглас број 01/2022, објавен на ден 23.05.2022 година на веб страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на Општина Свети Николе, за пополнување на работни места со унапредување на 3(три)административни службеници во Општина Свети Николе за работно место со реден број 02, Советник за социјална заштита и заштита на децата, Одделение за локален економски развој и јавни дејности, Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности и шифра на работно место УПР 01 01 В01 000, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.0901-189/14 од 27.05.2022 година донесено од Секретарот на Општина Свети Николе, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатите, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административсни службеници во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната на Општина Свети Николе, односно од денот на приемот на Одлуката.

Општина Свети Николе
Секретар

Зоран Стојчев